**20130671429**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

Врз основа на член 56, став 2 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/07), министерот за локална самоуправа, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗБОР НА ОЦЕНУВАЧИ, ПОСТАПКА И МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ТЕКОВНО И ЗАВРШНО ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРОЕКТИ ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Член 1

Во Правилникот за избор на оценувачи, постапка и методологија за тековно и завршно оценување на проекти за регионален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/12) по членот 9 се додава нов член 9-а кој гласи:

„Член 9-а

Тековното и завршно оценување на проектите за регионален развој може да се спроведе од донаторска организација која обезбедува техничка помош за носителите на политиката за рамномерен регионален развој, и во тој случај постапката за избор на оценувачи се спроведува според правила кои се применуваат за донаторската организација.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-1102/1
30 април 2013 година
Скопје

Министер,
**Тахир Хани**, с.р.